# PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Северна Македонија

Име на документот : PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Северна Македонија

Ознака на документот: PEFC MK 03:2026

Одобрено од: РЕФОРД Датум: 17.03.2026

Датум на влегување во сила: 17.03.2026

Датум на следна ревизија на стандардот: 17.03.2031

Сопственик на овој стандард е "Регионален центар за шумарство и рурален развој - РЕФОРД", ул. Огњан Прица 11, 1000 Скопје, Северна Македонија; email: pefcmk@gmail.com tel: +389 71 292 004

Официјална верзија на овој стандард е онаа која е на англиски јазик. Доколку постои некаква недоследност помеѓу двете верзии, онаа која е подготвена на англиски јазик и признаена од сттраната на PEFC Council се смета за важечка.

## 1. Вовед

Барањата кои се содржат во овој стандард се во согласност со меѓународниот стандард за одржливо стопанисување со шумите, PEFC ST 1003:2024. Содржината на овој документ е донесена по пат на консензус од страна на голем број на учесници во процесот.

Основата за подготовката на овој стандард произлегува од Пан-европските критериуми и индикатори за одржливо стопанисување со шумите (ОСШ) донесени на Министерската конференција за заштита на шумите во Европа во Лисабон 1998 година.

Во овој стандард се содржат 7 поглавја, 17 тематски подрачја, 35 критериуми и 116 индикатори.

Процесот на подготовка на оваа верзија беше спроведен во согласност со процедурата за итна ревизија на стандардот.

Усогласеноста со барањата на важечката регулатива во Северна Македонија која се однесува на стопанисувањето со шумите (шуми, семе и саден материјал, дивеч, вода, земјоделско земјиште, заштита на природата и животната средина, заштита на работа, Просторниот План на РМ, меѓународните конвенции ратификувани од РМ) како и усогласеноста со останатите барања за ОСШ кои се дел од овој стандард и не се пропишани во националната регулатива е задолжително.

Барањата за ОСШ се опишани во овој стандард како опис на критериумот. Информацијата за поврзаноста со релевантна легислатива помага да се поврзе содржината на барањето на критериумот со истата (доколку е релевантно). Индикаторите обезбедуваат основа за спроведување на објективна и мерлива проценка за исполнувањето на барањето на критериумот. Изворите на верификација реферираат на документи и други извори на информација кои даваат потврда дали барањето на критериумот и индикаторите се исполнети.

Исполнувањето на барањата на критериумите и индикаторите опишани во овој Стандард е на доброволна база.

Содржината на овој Стандард е употреблива за територијата на Република Северна Македонија и се однесува само за шуми и шумско земјиште, во согласност со Законот за шуми, националниот систем за опис на употреба на земјиште во Катастарот и / или во согласност со плановите за стопанисување со шумите и нивните еквиваленти.

Според одредбите од Анекс 1 на овој стандард "*Шума претставува шумски екосистем кој постои на шумско земјиште со површина поголема од 0.2 ha, обраснатa со шумски видови дрвја повисоки од пет метри и со покриеност на површината со крошна поголема од 50% или површина обрасната со дрвја способни да ги достигнат овие два прага in situ.*
*Под шума се подразбира и:*
*- шумско земјиште кое е привремено необраснато поради спроведена чиста сеча како дел од праксата за стопанисување со шумите, пожари или поради природни катастрофи;*
*- површини кои се во процес на природна експанзија на шумите, а се опкружени најмалку од три страни со шума;*
*- шумски патишта, противпожарни просеки, шумски расадници, семенски плантажи, голини во шума и други мали отворени површини како и*

*- ветрозаштитни појаси, заштитни појаси, крајбрежна вегетација во шумата плантажни шуми, шума за секвестрација и акумулација на јаглерод и коридори од дрвја со површина поголема од 0.1 ha и широчина поголема од 20 метри на шумско земјиште, друго шумско земјиште и земјоделско земјиште.*
*Под шума не се подразбираат одвоени групи дрвја на површини помали од 0.2 ha, гранични дрвја меѓу земјоделски површини, како и крајбрежна вегетација надвор од шумата, дрвореди и паркови во населени области ( во натамошниот текст: надвор од шума).*
*Дефиницијата вклучува и друго шумско земјиште кое не е класифицирано како шума, опфаќа повеќе од еден ha, обраснато со шумски видови дрвја повисоки од пет метри и со покриеност на површината со крошна од 25% до 50% или со дрвја способни да ги достигнат овие прагови in situ. Класификацијата на површините од ставовите во оваа дефиниција не зависи од фактичката состојбата која е регистрирана во Агенцијата за катастар на недвижности.”*

Дрвјата кои се наоѓаат надвор од шумите и шумското земјиште не се дел од овој Стандард.

## 2. Генерални барања

Овој Стандард е дел од регионалниот PEFC Балкански Систем. Барањата на овој Стандард се обрзувачки за:

- Сертификација на шумите на индивидуално ниво
- Групна сертификација на шумите

Спроведувањето на овој стандард е најмалку на ниво на стопанска единица или на друго апликативно ниво (програма за стопанисување за шума од 10-30 ха големина, катастарска парцела за шума во приватна сопственост со големина до 10 ха). Корисниците на шумата (правни лица кои стопанисуваат со шуми во државна сопственост) и сопствениците на шуми се одговорни за исполнувањето на Стандардот за ОСШ, вклучително и за активностите кои ги спроведуваат поединци или правни лица - даватели на услуги во сертифицирано шумско подрачје.

Корисниците и сопствениците на шума ќе одредат:
а) кои се засегнатите страни кои се релевантни за одржливо стопанисување со шумата;
б) кои се релевантните потреби и очекувања на овие засегнати страни;
в) кои се границите и применливоста на системот за да се одреди неговиот опфат.

Корисниците и сопствениците на шума задолжително спроведуваат процедура за чување на записи и документи со кои се обезбедува доказ за исполнувањето на барањата на овој Стандард. Минималниот период за чување на записи и документи кои се релевантни како доказ е 5 (пет) години.

Само за производи и услуги кои потекнуваат од шума која е сертифицирана според барањата на овој Стандард може да се користи потврдата “100% PEFC certified”. Оваа потврда може да ја користат корисници и сопственици на шуми кои поседуваат валиден PEFC сертификат, издаден од акредитирано тело за сертификација. Секогаш кога корисникот/сопственикот на шума продава производи од шума кои носат PEFC потврда “100% PEFC certified“, за да се обезбеди адекватна информација за купувачот, потребно е да се наведеат податоци за:
а) идентификација на продавачот
б) идентификација на производот

в) количина на производот
г) извршената испорака на основа на датумот, периодот на испорака или пресметковниот период
д) името на купувачот на PEFC сертифициран материјал
ѓ) потврдата 100% PEFC certified“ за секој производ кој ја носи истата
е) бројот на PEFC валиден сертификат кој го поседува продавачот

За време на процесот на изработка на овој Стандард, Советот за ОСШ ги препозна, ги опиша и комуницираше со сите релевантни засегнати страни, вклучително и оние кои се диркетно засегнати од барањата во Стандардот, нивните потреби и очекувања како и маригнализираните засегнати страни кои се во таква состојба пред се поради нивната неорганизираност.

**Структура на критериуми и индикатори**

| Бр. | Поглавје | Тематско подрачје | Број на критериуми | Број на индикатори |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одржување и подобрување на состојбата на шумите и нивниот придонес во глобалниот циклус на врзување на јаглерод | Инвентаризација и планирање во шумарството | 2 | 8 |
| | | Одржување на квантитетот, квалитетот и структурата на шумските ресурси | 2 | 10 |
| 2. | Одржување на здравјето на шумските екосистеми и нивната виталност | Мониторинг на шумските ресурси | 1 | 3 |
| | | Мерки за одржување на здравјето и виталноста на шумските екосистеми | 1 | 3 |
| | | Забрани | 4 | 8 |
| 3. | Одржување и поддршка за производните функции на шумата (дрвни и недрвни производи) | Производи од шумата | 1 | 7 |
| | | Шумски активности и шумска инфраструктура | 2 | 5 |
| 4. | Одржување, заштита и унапредување на биолошката разновидност во шумските екосистеми | Шуми со високи еколошки вредности | 2 | 6 |
| | | Шумска пракса во склад со природата | 5 | 16 |
| | | Традиционални системи на стопанисување | 1 | 4 |
| 5. | Одржување и подобрување на заштитните функции на шумата (особено во однос на почвата и водата) | Заштитни функции на шумите | 2 | 8 |
| 6. | Одржување на социоекономските функции и услови | Социо-економски функции на шумите | 2 | 7 |
| | | Сопственост и традиционални права | 1 | 2 |
| | | Обука, развој на знаење | 1 | 3 |
| | | Заштита при работа | 1 | 8 |
| | | Почитување на законската регулатива | 2 | 5 |
| 7. | Организациски аспекти | Внатрешни процедури | 5 | 14 |
| | | TOTAL | 35 | 116 |

| | |
|---|---|
| **Поглавје 1: Одржување и подобрување на состојбата на шумите и нивниот придонес во глобалниот циклус на врзување на јаглерод** | |
| **Тематско поглвје: Инвентаризација и планирање во шумарството** | |
| Критериум бр. | 1.1. |
| Опис на критериумот | Стопанисувањето и управувањето со шумите е базирано на постојани циклуси на премер, планирање, спроведување, надзор и анализа на стопанисувањето, имајќи го притоа во вид економското, еколошкото и социјалното влијание на стопанисувањето со шумите, со цел избегнување на непотребните негативни влијанија по истите. Резултатите од надзорот и анализата на стопанисувањето и управувањето со шумите кои се извршуваат за период од 10 години се користат во процесот на планирање за да се оцени стопанисувањето со шумите во изминатиот период и дефинирање на целите на идното стопанисување. Овие резултати ќе бидат основа за проценка на социјалното, економското и влијанието по животната средина на стопанисувањето со шумите и ќе се применат во циклусот за ново планирање.<br>Премерот и картирањето на шумите се спроведува на начин кој ги отсликува структурните елементи на насадот, мерките на стопанисување и е во согласност со законската регулатива.<br>Во шуми каде што се спроведуваат операции за сеча, одгледување на шума, изградба на патишта и други слични активности и каде што се врши сеча, т.е. отстранување на шумски видови на дрвја, геолокацијата на полигоните како што се ГИС базирани фајлови (shp фајлови или слично), се изготвуваат, чуваат и на барање се обезбедуваат од страна на управителот / сопственикот на шумата.<br>Границите на шумското подрачје кое се стопанисува на одржлив начин се јасно одредени и картирани. Површината на сертифицирано шумско подрачје одговара на површината на шумско стопанска единица за шуми за кои има изработено посебен план за стопанисување со шумите, план за управување со заштитено подрачје, посебен план за одгледување и заштита на шумите (ППОЗШ). За шумите кои се со помала површина, применливи се еквивалентите на планот за стопанисување (програма за стопанисување со шумите од 10-30 ха или за катастарски парцели во приватна сопственост со големина до 10 ха). |
| Врска со легислатива | -Закон за шуми;<br>-Закон за заштита на природата;<br>-Правилник за содржината на Посебните планови за стопанисување со шумите со стопанска намена и заштитна намена (ППСШ), ППОЗШ и годишните изведбени планови;<br>-Правилник за содржината на плановите за управување и годишната програма за заштита на природата;<br>-Правилник за критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост за кои не се изработува посебен план или програма како и формата и содржината на евиденцискиот картон за приватни шуми за секоја катастарска парцела посебно; |
| Индикатори | 1. Целите на идното стопанисување се во функција на исполнување на барањата и се содржани во плановите за стопанисување, плановите за одгледување и заштита или нивните еквиваленти.<br>2. Квантитетот и квалитетот на податоците добиени со редовниот премер на шумите ги обезбедуваат потребните информации во согласност со барањето на критериумот и се во функција на планирањето согласно ППСШ и ППОЗШ.<br>3. Податоците содржани во шумските карти ги обезбедуваат потребните |

| | |
|---|---|
| | информации во согласност со барањето на критериумот и согласно ППСШ и ППОЗШ.<br>4. Резултатите од мониторингот и анализата на стопанисувањето со шумите во периодот од изминатите 10 години се образложени.<br>5. Подготвен извештај за социјалното, економско и влијанието по животната средина од стопанисувањето со шумите на почетокот на новиот циклус на планирање.<br>6. Соодветни фајлови за шумски полигони на ниво на под-оддел за ниво на ШМУ / Програма за стопанисување или на ниво на катастарска парцела за шума во приватна сопственост се достапни во соодветен формат – ГИС фајлови. |
| Извор на верификација | -Посебен план за стопанисување со шумите, програма за стопанисување или евидентен картон за шума во приватна сопственост.<br>-Посебен план за одгледување и заштита на шумите со посебна намена.<br>- ГИС фајлови за шумски полигони.<br>Забелешка: еквивалент на план за стопанисување со шумите е програма која согласно националната регулатива се изработува за шуми со површина од 10-30 ха и евидентен картон кој се изработува за парцели шума во приватна сопственост со големина до 10 ха. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 1: Одржување и подобрување на состојбата на шумите и нивниот придонес во глобалниот циклус на врзување на јаглерод** | |
|---|---|
| **Тематско поглвје: Инвентаризација и планирање во шумарството** | |
| Критериум бр. | 1.2. |
| Опис на критериумот | Плановите за стопанисување со шумите, плановите за одгледување и заштита на шумите или нивните еквиваленти се изготвуваат врз основа на постојната шумарска легислатива, земајќи ги во обзир постојните планови за просторно уредување, постојната употреба на земјиштето и останатата планска документација која е релевантна за одреденото подрачје и притоа ги третираат шумските ресурси во склад со нивниот обем и вредност, структурата на сопственоста, како и начинот и интензитетот на нивното искористување. Резултатите од научните истражувања кои се релевантни и применливи за стопанисувањето со шумите задолжително се земаат во обзир.<br>Резиме од планот за стопанисување, планот за одгледување и заштита или нивниот еквивалент, кое содржи информации за општите цели и принципи на стопанисување со шумите, мерките за стопанисување и локациите каде тие ќе се применуваат е задолжително достапно за јавноста. Сопственикот/корисникот на шумата, во согласност со националната легислатива одлучува кои доверливи информации од планот за стопанисување нема да ги презентира во резимето, особено оние кои се од чувствителна природа. |
| Врска со легислатива | -Закон за шуми;<br>-Закон за заштита на природата;<br>-Годишна програма за заштита на природата;<br>-Правилник за содржината на ППСШ, ППОЗШ и годишните изведбени планови;<br>-Правилник за критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост за кои не се изработува посебен план или програма како и формата и содржината на евиденцискиот картон за приватни шуми за секоја катастарска парцела посебно; |
| Индикатори | 1. Содржината на плановите за стопанисување, планот за одгледување и заштита или нивните еквиваленти ги содржат сите аспекти кои се предмет на барањето на критериумот.<br>2. Резимето е изработено и е со обезбедена јавна достапност. |
| Извор на верификација | -Посебен план за стопанисување, програма за стопанисување или евидентен картон за шума во приватна сопственост.<br>-Посебен план за одгледување и заштита на шумите со посебна намена.<br>-Теренска проверка од страна на независно тело.<br>-Интервју со корисниците, сопствениците на шуми и со засегнатите страни. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 1: Одржување и подобрување на состојбата на шумите и нивниот придонес во глобалниот циклус на врзување на јаглерод** | |
|---|---|
| **Тематска област: одржување на шумските ресурси по квантитет, квалитет и структура** | |
| Критериум бр. | 1.3. |
| Опис на критериумот | Плановите за стопанисување со шумите, плановите за одгледување и заштита или нивните еквиваленти се насочени кон одржување на површините под шума и шумско земјиште, како и кон унапредување на економските, еколошките, културните и социјалните вредности на шумата, вклучително и заштитата на земјиштето и водата. Целите ќе се постигнат со примена на соодветни средства и да се насочени кон зачувувањето на природата.<br>Зголемувањето на уделот на шумите преку пренамена на напуштените или слабо продуктивни земјоделски земјишта и пошумување на еколошки важни екосистеми кои не се шумски ќе се земе во обзир секогаш кога може да ги збогати економските, социјалните, културните и долгорочните конзервациски вредности.<br>Каде што постојат значајни подрачја кои не припаѓаат на шумски екосистеми, пошумувањето може да се спроведе доколку:<br>а) е во склад со националната легислативата и е дел од процесите на планирање,<br>б) не е во спротивност со регионалната / национална политика;<br>в) се спроведува на основа на процес на носење на одлуки каде засегнатите страни имаат можност да придонесат преку транспарентен и партиципативен процес на консултации;<br>в) нема негативно влијание по загрозени (вклучително чувствителни, ретки и загрозени) екосистеми кои не се шумски, културни или социјално значајни подрачја, важни типови живеалишта на загрозени видови или други заштитени подрачја;<br>г) и притоа не опфаќа повеќе од 1% од површината на овие важни нешумски екосистеми и не загрозува подрачја во кои има складирано значајна количина на јаглерод;<br>д) има придонес кон долгорочните конзервациски, економски и општествени придобивки.<br>Забранета е пренамена на шума и шумско земјиште во земјиште за земјоделска употреба.<br>Забранeто е да се намалува површината на шуми и шумско земјиште преку пренамена во други типови на употреба на земјиште, вклучително и претворање на природните автохтони шуми во вештачки подигнати шуми, освен во околности кои се оправдани и:<br>а) тоа е во согласност со националното законодавство релевантно за користење на земјиштето и е резултат на планирање на употреба на земјиштето и одлуки донесени од страна на владини служби кое вклучува и консултации со засегнати страни;<br>б) нема негативно влијание на загрозени (вклучува чувствителни, ретки и загрозени) шумски екосистеми, културно и општествено значајните области, важни живеалишта на загрозени видови и останати заштитени подрачја;<br>в) придонесува на долгорочни конзервациски, економски и општествени придобивки;<br>г) не ги уништува подрачјата со значајна резерва на јаглерод; |

| | |
|---|---|
| | Големината на шумската површина која се пренаменува не е поголема од 1% од типот на шумата во сертифицираното шумско подрачје за временски период од 10 години. |
| Врска со легислатива | -Просторен план на Република Македонија;<br>-Закон за заштита на природата;<br>-Закон за шумите;<br>-Закон за пасишта;<br>-Закон за земјоделско земјиште; |
| Индикатори | 1. Целите на стопанисувањето и предвидените мерки за нивно остварување се во функција на исполнување на барањата на критериумот.<br>2. Односот на извршени и превидени одгледувачки и обновителни мерки по површина е најмалку (70%).<br>3. Стабилност на површини под шума и шумско земјиште и нивните промени во однос со претходниот стопански период (ха, %, картографски приказ)<br>4. Стабилност на површините под природни и вештачко подигнати шумски насади (ха, %, картографски приказ).<br>5. Пренамена на шумско земјиште базирана на релевантна одлука во склад со важечката легислатива.<br>6. Реализација на пошумување на еколошки значајно нешумско земјиште во склад со барањето на критериумот. |
| Извор на верификација | -Податоците кои се содржат во Посебните планови за стопанисување или нивните еквиваленти.<br>-Посебен план за одгледување и заштита на шумите со посебна намена.<br>-Постоење на документ за елаборација на предноста од пошумување на земјоделско земјиште или замена на природни со вештачки подигнати шумски насади.<br>-Постоење на владина одлука за пренамена на шума или шумско земјиште.<br>-Елаборација на исполнетост на услови за пошумување на еколошки значајно нешумско замјиште. |
| Гранична вредност | Нема намалување на површините под шума (освен во случаи кои се во склад со националната регулатива) и ако површината каде се спроведува пренамена е помала од 1%. |

| Поглавје 1: Одржување и подобрување на состојбата на шумите и нивниот придонес во глобалниот циклус на врзување на јаглерод<br>Тематска област: одржување на шумските ресурси по квантитет, квалитет и структура | |
|---|---|
| Критериум бр. | 1.4. |
| Опис на критериумот | Техниките и праксата кои се применуваат при стопанисување со шумите на среден и долг рок го одржуваат квантитетот и квалитетот на шумските ресурси до ниво кое е економски, еколошки и социјално пожелно. Притоа се одржува рамнотежа на шумските ресурси со спроведување на потребните одгледувачки мерки и примена на техники при работа во шума со кои се минимизира директната и индиректната штета по шумските, почвените и водните ресурси. |
| Врска со легислатива | Закон за шумите;<br>Закон за заштита на природата; |
| Индикатори | 1. Класификација на шуми по: состав, намена, начин на стопанисување и одгледување (ха, картографски приказ)<br>2. Изборот на одгледувачки мерки и техники на изведба придонесува кон минимизирање на штетите по шумските, почвените и водните ресурси.<br>3. Односот помеѓу тековниот прираст и етатот е во функција на одржливост на шумите по квалитет и квантитет и е содржан во планот за стопанисување, програмата за стопанисување или нивните еквиваленти.<br>4. Расположивоста со стручен кадар кој има дефинирани одговорности е во функција на исполнување на барањата на критериумот. |
| Извор на верификација | - Податоците кои се содржат во Посебните планови за стопанисување или нивните еквиваленти.<br>- Податоците кои се содржат во Посебените планови за одгледување и заштита на шумите со посебна намена.<br>- Изведбен план.<br>- Одобрени анекси за измени во планот за стопанисување или нивните еквиваленти во случај на потреба од изведба на непредвидени сечи поради штети од биотски и абиотски фактори.<br>- Квалификациите на вработените кои се ангажирани во стопанисување со шумите. |
| Гранична вредност | - Редовниот етат не е поголем од 80% од тековниот прираст по дрвна маса. |

| Поглавје 2: Одржување на здравјето и на виталноста на шумските екосистеми | |
|---|---|
| **Тематска област: мониторинг на шумските ресурси** | |
| Критериум бр. | 2.1. |
| Опис на критериумот | Одржувањето на здравјето и виталноста на шумите се обезбедува преку редовен мониторинг на клучните абиотски и биотски фактори и нивното влијание врз шумите. Мониторингот се изведува од страна на стручни служби на годишно ниво и е во согласност со националната регулатива. Мониторингот задолжително се извршува и од страна на корисниците и сопствениците на шуми на годишно ниво. При анализа на резултатите од мониторингот и одредувањето на мерките за одржување на здравјето и виталноста на шумските екосистеми, природната и редовна појава на шумски пожари, шумски штетници и другите фактори кои ја нарушуваат стабилноста на шумските екосистеми е земена во обзир. Препораките кои на база на резултатите од мониторингот се донесени од страна на стручните служби треба да се вклопат во постојните планови за стопанисување и нивните еквиваленти. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Закон за заштита на природата; |
| Индикатори | 1. Бројот и обемот на штети во шума од биотски и абиотски причинители се следи и се документира.<br>2. Постоење на функционален систем за мониторинг на здравјето и виталноста на шумските екосистеми и неговата функционалност.<br>3. Активностите за мониторинг на шумите се извршени и евдиентирани од страна на корисниците и сопствениците на шуми. |
| Извор на верификација | - Податоците од мониторинг се содржани во годишните извештаи за биоиндикаторските точки според ICP Forest<br>- Содржината на Годишните извештаи на ИДП служба<br>- Податоците содржани во шумската хроника<br>- Интервју со корисниците и сопствениците на шуми. |
| Гранична вредност | Редовно следење на здравјето и на виталноста на шумите во склад со националната регулатива. |

| Поглавје 2: Одржување на здравјето и на виталноста на шумските екосистеми | |
|---|---|
| **Тематска област: мерки за одржување на здравјето и виталноста на шумските екосистеми** | |
| Критериум бр. | 2.2. |
| Опис на критериумот | Одржувањето на здравјето и на виталноста на шумските екосистеми е од примарна важност за шумарството. Во ППСШ, ППОЗШ или нивните еквиваленти се определени мерките за одржување на здравјето и виталноста на шумите кои го намалуваат ризикот од штета по шумите и превенираат појава на процеси кои потенцијално водат кон загуба на шумските екосистемски услуги.<br>Стопанисувањето со шумите е втемелено на природните процеси и при одредување на мерки за одржување на здравјето на шумите примарно се води сметка за употреба на превентивни биолошки мерки во случаи кога тоа е изводливо и економски оправдано.<br>Една од основните цели на стопанисувањето со шумите е одржување на генетската, видовата и структурната разнообразност со што се придонесува кон одржување на здравјето и виталноста на шумските екосистеми. |
| Врска со легислатива | -Закон за шуми;<br>-Правилник за содржината на ППСШ, ППОЗШ и годишните изведбени планови;<br>-Правилник за воведување и одржување на шумски ред; |
| Индикатори | 1. Изборот на мерките за заштита на шумите е во функција на поддршка на здравјето и виталноста на шумските екосистеми, со приоритет на примената на биолошки мерки.<br>2. Во шумите кои се настанати по природен пат се практикуваат природно сообразни видови на сечи (одгледувачки сечи кои даваат предност на природната обнова, изборни сечи, сечи со подолги обновителни периоди).<br>3. Конверзијата на деградираните шуми е во согласност со барањето на критериумот. |
| Извор на верификација | - План за стопанисување со шумите или нивните еквиваленти.<br>- Посебен план за одгледување и заштита на шумите со посебна намена.<br>- Годишен изведбен план.<br>- Оперативен план за заштита од пожари.<br>-Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | |

| Поглавје 2: Одржување на здравјето и на виталноста на шумските екосистеми | |
|---|---|
| **Тематска област: забрани** | |
| Критериум бр. | 2.3. |
| Опис на критериумот | При извршување на операции на сеча, дотур и транспорт во шумите, строго се избегнува ризикот од излевање на масло и непланско депонирање на отпад. Неорганскиот отпад привремено се собира на посебно одредени локации, за потоа да се отстрани и депонира на локации кои се одредени за таа намена. Корисниците на шумите ќе развијат и ќе го информираат својот персонал и операторите на терен за обврската за спроведување на итните процедури за минимизирање на ризик од еколошка штета што произлегува од случајно истурање нафта или гориво. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Закон за заштита на животната средина; |
| Индикатори | 1. Пропишаните правила и мерки за избегнување од ризик за излевање на масло, гориво и собирање на неоргански отпад се доставени до вработените и извршителите на шумски операции и истите се спроведуваат.<br>2. Назначени се локации за привремено собирање на неоргански отпад<br>3. Постоење на правилник за употреба на материјали и абсорбенти за масло во сечиштето и во машините кои се во употреба во шума и негова примена. |
| Извор на верификација | - Интерен правилник на сопственикот или корисникот на шумата за задолжителни мерки на претпазливост и однесување при спроведување на шумски активности (за редовно вработени и даватели на услуги).<br>-Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | |

| Поглавје 2: Одржување на здравјето и на виталноста на шумските екосистеми | |
|---|---|
| **Тематска област: забрани** | |
| Критериум бр. | 2.4. |
| Опис на критериумот | Не е дозволено напасување, брстење, лисничарење, желадење во шума или собирање на семе од шумски видови на дрвја, освен во случаи кога тоа се изведува во согласност со планските документи и со дозвола обезбедена од страна на корисникот или сопственикот на шумата. Не е дозволено палење на оган во шума, смоларење, лупење на кора од стебла, собирање на листинец, хумус и други дејствија со кои се ослабува приносната сила или се загрозува опстанокот на шумата и нејзините општокорисни функции. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите; |
| Индикатори | 1. Редовно спроведување, надзор и контрола во прекршувањето на законската регулатива од страна на корисникот / сопственикот на шумата. |
| Извор на верификација | - Забелешки во шумска хроника.<br>- Забелешки во извештаите на ИДП служба и ICPF.<br>- Архивирани пријави за евидентирани прекршители.<br>- Архивирани извештаи од извршен инспекциски надзор.<br>-Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 2: Одржување на здравјето и на виталноста на шумските екосистеми** | |
|---|---|
| **Тематска област: забрани** | |
| Критериум бр. | 2.5. |
| Опис на критериумот | Употребата на пестициди во шума е сведена на минимум и тоа во случаи кога не постои оправдана можност за примена на одгледувачки и билошки мерки во шума, со препорака од страна на стручно лице или институција. (5.2.8) Се забранува употреба на пестициди од типот СЗО* Тип 1А и 1Б. Во случаи кога не постојат други можни алтернативи, пестицидите од типот 1А и 1Б може да се аплицираат на основа на барање и со претходно одобрување од МЗШВ, Министерство за здравство и Министерство за животна средина и просторно планирање. Употребата на пестициди на база на хлорирани јаглеводороди не е дозволена, како и било кои други пестициди кои се забранети со Стокхолмската Конвенција за Неразградливи Органски Загадувачи. Користењето на пестицидите се спроведува според упатствата на производителот и истите може да се аплицираат само со употреба на адекватна опрема и од лица кои се стручно оспособени за таа работа.<br><br>*СЗО = Светска Здравствена Организација |
| Врска со легислатива | -Закон за производи за заштита на растенијата.<br>-Национална листа на одобрени производи и активни супстанции.<br>-Листа на Светска Здравствена Организација за типови на пестициди.<br>-Стокхолмската Конвенција за Неразградливи Органски Загадувачи. |
| Индикатори | 1. Евидентирана употреба на пестициди по тип, количество, третирани површини, преостанати количини и складиштење на хемикалии.<br>2. Евиденција за извршена обука на лицата кои аплицираат пестициди. |
| Извор на верификација | - Извештаи од МЗШВ за спроведено третирање.<br>- Препорака за употреба на пестициди од страна на соодветна служба.<br>- Одобрение/мислење од страна на горе наведените институции за употреба на пестициди од тип 1А и 1Б. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 2: Одржување на здравјето и на виталноста на шумските екосистеми** | |
|---|---|
| **Тематска област: забрани** | |
| Критериум бр. | 2.6. |
| Опис на критериумот | Се избегнува евентуална употреба на ѓубрива во шума. Истите може да се употребуваат само со препорака од надлежна институција, на контролиран и пропишан начин, земајќи го во обзир нивното влијание по околната животна средина. |
| Врска со легислатива | - Закон за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата. |
| Индикатори | 1. Евиденција на тип и количина на употребени ѓубрива<br>2. Препорака за употреба на ѓубрива од страна на надлежна институција. |
| Извор на верификација | - Препорака/документ за употреба на ѓубриво од надлежна институција. |
| Гранична вредност | |

| | |
|---|---|
| **Поглавје 3: Одржување и поддршка за производните функции на шумата (дрвни и недрвни производи)** | |
| **Тематска област: Производи од шумата** | |
| Критериум бр. | 3.1. |
| Опис на критериумот | Одржувањето на капацитетите на шумските ресурси за производство на разни дрвни и недрвни производи и услуги е една од главните цели на планирањето во шумарството. Планирањето во шумарството мора да одреди економски цели на стопанисувањето со шумите кои се следат на годишно ниво. Ова вклучува поставување на прагови и нивно следење за да се процени правилно дали се исполнуваат економските перформанси на управителот/сопственикот на шумата. Структурата на шумата и нејзините производни можности се основа за одредување на економските цели во плановите за стопанисување или нивните еквиваленти, земајќи ја во обзир постојната потреба за разни производи и услуги од шумата како и тековните пазарни движења. Планирањето во шумарството мора да ги идентификува и сите останати важни функции кои ги обавува шумата и да обезбеди истите да бидат сочувани со тековните активности кои се обавуваат во шумите. Шумските практики ги поддржуваат капацитетите на шумските ресурси за производство на разни дрвни и недрвни производи и услуги.<br>Нивото на искористување на производите (дрвни и недрвни) ќе придонесе кон нивната долгорочната одржливост и ќе биде елаборирано во плановите за стопанисување со шумите или нивните еквиваленти. Користењето на дрвните прозиводи ќе биде планско и притоа ќе се посвети должно внимание на евентуалното намалување на хранливите материи во почвата при ниво на оптимална искористеност на производите. Комерцијалното и не-комерцијалното користење на недрвните шумски производи е регулирано и истото се изведува под надзор и контрола и е во согласност со регулативата. Со цел да се обезбеди одржливоста во користењето на недрвните шумски производи, планирањето задолжително детерминира количини за нивна комерцијална употреба и истата гарантира одржливот на видовите кои се собираат во природата. Детерминацијата на количините задолжително се заснова на јасна методологија. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Закон за ловство;<br>-Закон за заштита на природата;<br>-Правилник за содржината на ППСШ, ППОЗШ и годишните изведбени планови;<br>-Правилник за содржината на посебната ловностопанска основа;<br>-Правилник за видовите на други шумски производи и начинот на користење и собирање на други шумски производи (Сл. Весник на РМ бр. 155/2011);<br>-Правилник за издавање на дозвола за собирање на засеганти и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивните делови |
| Индикатори | 1. Листа на видови на производи (од дрво, печурки, плодови, билки, дивеч, камен и др.) и годишни/периодични количини за користење се содржани во ППСШ, ППОЗШ и нивните еквиваленти<br>(Забелешка: релевантно за стопанисување според посебен план или програма за стопанисување. Податоците за ловен дивеч се содржат во ловно стопанската основа и е изработена за конкретна територија) |

| | |
|---|---|
| | 2. Идентификуваните услуги и функции на шумата (рекреација, спорт, пејсаж, туризам, култура, задржување на вода, заштита на почва, врзување на јаглерод и други) се содржани во ППСШ, ППОЗШ и нивните еквиваленти<br>3. Односот на тековниот прираст со планираниот етат  на дрвни производи е во функција на исполнување на барањето на критериумот<br>4. Количина на дрвен отпад која останува во насадот по сеча<br>5. Евиденција за издадени дозволи за собирање на недрвни производи (таму каде што е регулирано)<br>6. Евиденција за откуп на недрвни производи од шума (таму каде што е регулирано)<br>7. Постоење на економски цели на стопанисувањето со шумите како и извршена евалуација на нивното исполнување на годишно ниво. |
| Извор на верификација | - Податоците од ППСШ, ППОЗШ или нивните еквиваленти.<br>- Податоци во ППСШ и ППОЗШ или нивните еквиваленти за тековен прираст и планиран етат.<br>- Податоци за одобрена и означена дрвна маса за сеча и произведена дрвна маса (означна книга, месечни извештаи, евиденција во ППСШ).<br>- Дозволи за собирање на недрвни производи од шума. |
| Гранична вредност | - Нема намалување на површините под шума и на квалитетната структура.<br>- Отпадот по сеча под 3 см дебелина останува во сечиште со почитување на одредбите за спроведување на шумски ред.<br>- Редовниот етат не е поголем од 80% од тековниот прираст по дрвна маса за периодот на валидноста на планот за стопанисување или неговите еквиваленти. |

| Поглавје 3: Одржување и поддршка за производните функции на шумата (дрвни и недрвни производи) | |
|---|---|
| **Тематска област: Шумски активности и шумска инфраструктура** | |
| Критериум бт. | 3.2. |
| Опис на критериумот | Мерките за користење, одгледување и обнова се спроведуваат со примена на адекватни техники и технологии, во време и на начин со кој се оддржува производната способност на месторастењето и притоа се избегнува предизвикување на непотребна штета по шумските дрвја кои преостануваат во насадот како и по почвениот слој во шумата. Употребата на алати, механизација и техника за време на активности на сеча, дотур и транспорт за спроведуваат со должно внимание за да се избегне непотребна штета по дрвјата кои остануваат во насадот, почвата и водните текови. Активностите се спроведуваат на база на оперативни планови, а нивната содржина зависи од големината на шумскиот имот. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Правилник за содржината на ППСШ, ППОЗШ и годишните изведбени планови;<br>-Правилник за барањата за минималните технички средства и човечки ресурси кои ги поседуваат правните лица овластени за спроведување на шумско одгледувачки работи;<br>-Правилник за содржината на Годишни изведбени планови |
| Индикатори | 1. Изборот на одгледувачки или обновителни мерки за превентива од повреди по дрвјата е во функција на барањето на критериумот.<br>2. Во употреба е адекватна технологија за изведба на сеча заради превентива од повреди по дрвјата и истата е во функција на барањето на критериумот.<br>3. Во употреба е техника на дотур која ја намалува штетата по почвениот слој и водните текови.<br>4. Дотурот се извршува според одредбите од изведбениот план и планираната мрежа на дотурни патишта. |
| Извор на верификација | - Одредбите во ППСШ за избор на мерки за одгледување и обнова.<br>- Одредбите во изведбените планови за избор на видови на техника на сеча и дотур.<br>- Одредбите од годишните изведбени планови.<br>- Елаборација на изборот на техника и технологија за шуми за кои не постои обврска за изработка на план за стопанисување.<br>- Извештаи од спроведена теренска евалуација за евентуална штета по шумата, почвениот слој и водните текови заради извршување на шумски операции.<br>- Постоење на внатрешни протоколи за извршување на шумски операции на терен. |
| Гранична вредност | - Почитување на горенаведените барања.<br>- Дозволена е повреда/наранување до 2% од обемот на преостанатите стоечки стебла во сечиштето. |

| **Поглавје 3: Одржување и поддршка за производните функции на шумата (дрвни и недрвни производи)** | |
|---|---|
| **Тематска област: Шумски активности и шумска инфраструктура** | |
| Критериум бр. | 3.3. |
| Опис на критериумот | Изградбата на шумската инфраструктура (патишта за превоз и дотур, мостови и други објекти) се изведува во согласност со плановите за стопанисување или нивните еквиваленти, вклучително и планови за развој и изградба на шумска инфраструктура. Притоа со користење на природната конфигурација на теренот се избегнува непотребно отстранување на плоден почвен слој и неговото истурање во водните текови. При изградбата на шумската инфраструктура се применуваат мерки со кои се зачувува природното ниво и функции на водотеците и речните корита. Одржувањето на инфраструктурата е соодветно на условите и потребите, со минимално негативното влијание по животната средина. Одржувањето и одводнувањето на шумските патишта се изведува плански и во склад со категоријата на шумскиот пат. Притоа, мора да се посвети особено внимание во ретки, чувствителни и репрезентативни екосистеми или генетски резервати како и на начинот на миграција на клучните или загрозени животински видови. |
| Врска со легислатива | - Закон за шумите;<br>- Закон за заштита на животна средина;<br>- Правилник за содржината на ППСШ, ППОЗШ и годишните изведбени планови; |
| Индикатори | 1. Постоење и спроведување на план за градба и одржување на шумски пат и друга шумска инфраструктура со осврт на евентуалното влијание во екосистемот и миграциските коридори. |
| Извор на верификација | - Одредбите од ППСШ, ППОЗШ или нивните еквиваленти за шумска инфраструктура.<br>-Теренска проверка од страна на независно тело за спроведување на планот за градба. |
| Гранична вредност | |

| | |
|---|---|
| **Поглавје 4: Одржување, заштита и унапредување на биолошката разновидност во шумските екосистеми** | |
| **Тематска област: шуми со висока еколошка вредност** | |
| Критериум бр. | 4.1. |
| Опис на критериумот | Целите на планирањето се насочени кон одржување, очувување и унапредување на разновидноста на ниво на екосистеми, видови и гени, а каде е тоа можно да се постигне и пејзажна и пределска разновидност.<br>Планирањето, премерот и картирањето на шумите идентификува, негува и и/или заштитува еколошки важни шуми кои содржат:<br>(а) заштитени, ретки, чувствителни, девствени или репрезентативни шумски екосистеми;<br>(б) загрозени или заштитени ендемски видови и живеалишта на загрозени видови, дефинирани во признаени референтни листи;<br>(в) загрозени или заштитени генетски in situ ресурси,<br>како и да ги земат во предвид<br>(г) национално значајните, големи пејзажни вредности и пределски типови со природна дистрибуција и зачестеност на видови кои се јавуваат природно.<br>Напомена: Барањето на критериум 4.1 не забранува активности за стопанисување со шумите кои не ги оштетуваат важните еколошки вредности на овие биотопи. |
| Врска со легислатива | - Закон за шумите;<br>- Решение за определување на ретки видови на дрвја во шума;<br>- Закон за заштита на природата; |
| Индикатори | 1. Категоризација на шумата по намена е согласно барањето на критериумот.<br>2. Изборот на одгледувачки или обновителни мерки е во функција на одржување на разновидноста.<br>3. Идентификувани и картирани шуми со висока еколошка вредност согласно барањето на критериумот.<br>4. Идентификација согласно национални и меѓународни референтни листи. |
| Извор на верификација | - Посебен план за стопанисување со шумите или нивен еквивалент<br>- План за одгледување и заштита<br>- Шумски карти<br>- Одредбите во ПСШ и ППОЗШ или нивните еквиваленти за избор на мерки кои се во функција на исполнување на разновидноста |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 4: Одржување, заштита и унапредување на биолошката разновидност во шумските екосистеми** | |
|---|---|
| **Тематска област: шуми со висока еколошка вредност** | |
| Критериум бр. | 4.2. |
| Опис на критериумот | Заштитените и загрозени видови на шумски растенија, габи и шумски животни не смее да се експлоатираат за комерцијална намена. Таму каде што е потребно мора да се преземат мерки за нивна заштита, одгледување и за зголемување на нивните популации.<br><br>Напомена: Барањето 4.2 не е обврска за задолжително исклучување на активности на стопанисување со шумите ако со нив не се загрозуваат или оштетуваат вредностите на биодиверзитетот на овие екосистеми. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Решение за определување на ретки видови дрвја во шума;<br>-Закон за заштита на природата;<br>-Закон за ловство;<br>-Решение за определување на видовите диви птици кои се корисни;<br>-Национални и меѓународни референтни листи;<br>-Листа на Строгозаштитени диви видови во Република Македонија (Службен весник на РМ 139/11 од 07.10.2011 година); |
| Индикатори | 1. Почитување на законска регулатива<br>2. Избор на мерки за заштита согласно описот на критериумот вклучени во ППСШ, ППОЗШ или нивните еквиваленти |
| Извор на верификација | - Архивирани записници од инспекциски надзор.<br>- Теренска проверка од страна на независно тело.<br>- Интервју со засегнати страни. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 4: Одржување, заштита и унапредување на биолошката разновидност во шумските екосистеми** | |
|---|---|
| **Тематска област: шумска пракса во склад со природата** | |
| Критериум бр. | 4.3. |
| Опис на критериумот | Во насадите каде што постои воспоставена разновидност по видова и возрасна структура се стопанисува со примена на мерки кои даваат поддршка на нивното опстојување како и кај насадите со препознаена вредност во смисол на пејзажна и пределска разновидност и значење.<br>Во насади каде  разновидноста по видова и возрасна структура не е воспоставена, потребно е да се преземат одгледувачки мерки со кои ќе се обезбеди промоција на разновидноста по вид и возраст. |
| Врска со легислатива | -Закон за заштита на природата;<br>-Закон за шуми; |
| Индикатори | 1. Постои стабилност на површините под разновозрасни и мешани насади.<br>2. Активноста спроведена на терен не ја нарушува пејзажната и пределската разновидност и значење.<br>3. Примената на шумско одгледувачките мерки е во насока на подобрување на структурната разнообразност на шумите.<br>4. Картирани шуми кои имаат пејзажна и пределска разновидност и значење. |
| Извор на верификација | - Податоците од ППСШ, ППОЗШ или нивните еквиваленти за површините на разни видови на насади и споредба со претходниот стопански период.<br>- Шумски карти кои даваат одраз на составот на шумите по видови и возраст.<br>-Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | - Нема намалување на површините на разновозрасни и мешани насади. |

| Поглавје 4: Одржување, заштита и унапредување на биолошката разновидност во шумските екосистеми | |
|---|---|
| **Тематска област: шумска пракса во склад со природата** | |
| Критериум бр. | 4.4. |
| Опис на критериумот | Активностите и мерките што се предложени во ППСШ или нивните еквиваленти се со цел поддршка на одржувањето на природните процеси во шумите и тие се приоритетна цел на стопанисувањето со шумите.<br><br>Мерките на стопанисувањето со шумите имаат за цел да обезбедат услови за успешна природна обнова на шумите. Доколку тоа не е можно, мерките за пошумување треба да водат кон обезбедување на потребен квантитет и квалитет на шумските ресурси во склад со условите на месторастење. При избор на видови за пошумување предност имаат домашните видови на дрвја од локални провиненции и вариетети кои се добро прилагодени на условите на месторастење. Може да се користат само оние интродуцирани видови, провиненции и вариетети чие влијание на екосистемот и на генетскиот интегритет на домашните видови е проценето од независна експертска институција и ако нема негативни влијанија. При планирањето на мерките за пошумување задолжително се анализираат аспектите на еколошката поврзаност. Притоа, пошумувањето кое придонесува кон подобрување и воспоставување на еколошката поврзаност задолжително се промовира и се спроведува.<br><br>Подигањето на плантажна шума со пренамена на примарни или природно обновувачки шуми, по 31 декември 2010 година, е забрането и ќе биде исклучено од опфатот на сертифицирана шумска површина, без ограничување на времето за подигнување на плантажна шума.<br><br>Воспоставувањето на засадени шуми со конверзија на примарни шуми, по 31 декември 2010 година, е забрането и ќе биде исклучено од опфатот на сертифицирана шумска површина.<br><br>Подигањето на засадени шуми по пат на садење или сеење може да се спроведе при обновување на деградирани природно обновувачки шуми или со активности за обнова на шумските екосистеми по настанување на шумски катастрофи предизвикани од човекот или природата (пожари, шумски штетници, ветерни бури, лед или друго) кога се очекува дека засадените шуми во зрелоста на насадите личат или ќе личат на природно обновувачки шуми.<br><br>Шуми кои се подигнати од генетски модификувани видови на дрвја не се предмет на сертификација. Не е дозволена употреба на генетски модификувани дрвја.<br><br>Напомена: водечките принципи на Конвенцијата за биолошка различност за превенција, воведување и ублажување на влијанието на странските видови кои се закана за екосистемот, месторастењето или видовите се препознаени како насоки за избегнување на инвазивни видови. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Закон за заштита на природата;<br>-Закон за репродуктивен шумски саден материјал;<br>-Конвенцијата на ОН за биолошка разновидност; |

| | |
|---|---|
| Индикатори | 1. Изборот на мерки за одгледување и обнова на насадите е во функција на барањето на критериумот.<br>2. Изборот на мерки и видови за пошумување е во функција на барањето на критериумот вклучително и проценка на влијанието на интродуцираните видови на дрвја.<br>3. Успешна природна или вештачка обнова во шумските насади може да се евидентира по спроведувањето на шумско одгледните мерки.<br>4. Нема докази за пренамена на примарни и природно обновувачки шуми во плантажни шуми по 31 декември 2010 година.<br>5. Нема докази за пренамена на примарни шуми во засадени шуми по 31 декември 2010 година.<br>6. Подигањето на засадени шуми е во склад со барањето на критериумот. |
| Извор на верификација | - ППСШ, ППОЗШ или нивните еквиваленти.<br>- Податоците од шумската хроника (само во ППСШ и ППОЗШ).<br>- Стручна оцена за влијанието на интродуцираните видови спроведена од независна експертска институција (пример одделот за семе и саден материјал на Шумарски Факултет).<br>-Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 4: Одржување, заштита и унапредување на биолошката разновидност во шумските екосистеми** | |
|---|---|
| **Тематска област: шумска пракса во склад со природата** | |
| Критериум бр. | 4.5. |
| Опис на критериумот | Активностите за одгледување и користење на шумите мора да се изведуваат на начин кој не предизвикува трајни штети на екосистемите, согласно одредбите од годишните изведбени планови. Каде е можно, треба да се преземат практични мерки за одржување и унапредување на биолошката разновидност. Сопствениците и корисниците на шумите задолжително обезбедуваат инструкции и обука за спроведување на шумско одгледувачки работи со осврт на превентивните мерки за заштита на шумскиот екосистем. Воедно, каде е можно, задолжително се анализира и се спроведува шумска пракса која е погодна за климатските промени, како редукција на стакленички гасови за време на спроведување на шумските операции на терен или во објектите кои припаѓаат на сопствениците и корисниците на шумите, вклучително и административните објекти. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Закон за заштита на природата;<br>-Закон за заштита на животната средина |
| Индикатори | 1. Припремени инструкции за вработените и даватели на услуги за спроведување на превентивни мерки за време на спроведување на шумско одгледни активности на терен.<br>2. Постоење на записи за одржана обука за вработените и давателите на услуги.<br>3. Документираната проценка за состојбата на шумскиот насад по спроведувањето на шумско одгледните активности е спроведена од лицето кое е одговорно за спроведувањето на истите.<br>4. Подготвена е студија и интерни упатства за спроведување на активности кои се климатски погодни на ниво на организација и/или шумско стопанска единица. |
| Извор на верификација | - Постоење на материјал за обука согласно барањето на критериумот<br>- Извештаи за спроведена обука<br>- Архивирани извештаи од извршен редовен инспекциски надзор.<br>- Архивирани извештаи од спроведен интерен надзор.<br>- Архивирани извештаи за спроведена теренска проценка после спроведување на шумските операции.<br>- Документ кој се однесува на анализа и спроведување на климатски позитивна пракса.<br>- Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 4: Одржување, заштита и унапредување на биолошката разновидност во шумските екосистеми** | |
|---|---|
| **Тематска област: шумска пракса во склад со природата** | |
| Критериум бр. | 4.6. |
| Опис на критериумот | Преземените мерки на стопанисување со шумата ќе бидат насочени кон воспоставување на рамнотежа помеѓу притисокот на популацијата на животните спрема обновата, развојот на шумата и зачувувањето на биолошката разновидност. |
| Врска со легислатива | -Закон за ловство;<br>-Закон за шумите;<br>-Закон за заштита на природата; |
| Индикатори | 1. Постоење на евиденција за следењето на присуството на животински популации и нивното влијание по шумскиот екосистем и елаборација на превентивни и други мерки при констатирани ризици по шумскиот екосистем. |
| Извор на верификација | - Ловна основа.<br>- Извештај од ICP Forests.<br>- Шумска хроника.<br>- Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 4: Одржување, заштита и унапредување на биолошката разновидност во шумските екосистеми** | |
|---|---|
| **Тематска област: шумска пракса во склад со природата** | |
| Критериум бр. | 4.7. |
| Опис на критериумот | Стоечки или паднати мртви дрвја, монументални дрвја, дрвја со шуплини, стари дрвја и посебно ретки видови на дрвја се оставаат во количини и во распоред кој е потребен за очувување на биолошката разновидност, земајќи ги во обзир потенцијалните ефекти по здравјето и стабилноста на шумата и околните екосистеми. |
| Врска со легислатива | |
| Индикатори | 1. Постоење на писмено упатство и неговото спроведување за оставање на монументални, стари, мртви и лежечки стебла во шума. |
| Извор на верификација | - Број и количина на стари, мртви и лежечки стебла во шума.<br>-Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | - Минимум 3 дрвја по хектар, согласно со описот на критериумот остануваат во насадот.<br>- Отпадот по сеча под 3 см дебелина останува во сечиште со почитување на одредбите за спроведување на шумски ред. |

| Поглавје 4: Одржување, заштита и унапредување на биолошката разновидност во шумските екосистеми | |
|---|---|
| **Тематска област: традиционални системи на стопанисување** | |
| Критериум бр. | 4.8. |
| Опис на критериумот | Традиционалниот начин на стопанисување со шумите од изданково потекло може да се спроведува на одговарачки месторастења и во случаи кога е тоа еколошки, социјално и економски погодно. |
| Врска со легислатива | - Закон за шумите; |
| Индикатори | 1. Нема зголемување на површини на нискостеблени насади.<br>2. Не се изведува чиста сеча на терен со просечен наклон над 75%. На терени со просечен наклон од 50-75% површината каде се изведува чиста сеча не е поголема од 2 ха. На терени со просечен наклон до 50% површината каде се изведува чиста сеча не е поголема од 10 ха.<br>3. Чиста сеча се аплицира на површина која не граничи со изданкова шума која е со возраст помала од 4 години.<br>4. Не се изведува чиста сеча во високостеблени, заштитени и заштитни шуми освен доколку се работи за одгледувачка мерка заради појава на настани кои се предизвикани од природата или од човекот (пожар, ветролом, болест, лавини, илегална сеча и други) и е во согласност со одредбите од ППСШ, ППОЗШ или нивните еквиваленти како и заради изградба на инфраструктурни и капитални објекти во согласност со важечката национална легислатива. |
| Извор на верификација | - Податоците од ППСШ или нивните еквиваленти за видови на насади и споредба со претходниот стопански период.<br>-Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | Минимум 10 дрвја по хектар остануваат неотсечени по изведба на чиста сеча. |

| | |
|---|---|
| **Поглавје 5: Одржување и подобрување на заштитните функции на шумата (особено во однос на почвата и водата)** | |
| **Тематска област: заштитни функции на шумите** | |
| Критериум бр. | 5.1. |
| Опис на критериумот | Планирањето има за цел одржување и унапредување на заштитните функции на шумата, како што се заштита од ерозија, заштита од ветер, заштита на водните ресурси, заштита од штетните ефекти на водата (поплави, лавини) и заштита на инфраструктурата. Шумите со заштитна намена се регистрирани и картирани во ППСШ или нивните еквиваленти, а мерките на одгледување и заштита се прилагодени за одржување или подобрување на нивната заштитна функција. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Закон за водите;<br>-Закон за заштита на природа; |
| Индикатори | 1. Изборот на одгледувачки или обновителни мерки е во функција на исполнување на барањето на критериумот.<br>2. Картирани се површините на шума со заштитна намена.<br>3. Постоење категоризација на шумите по нивната главна намена. |
| Извор на верификација | - Шумски карти.<br>- ППСШ или нивните еквиваленти.<br>- Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | |

| Поглавје 5: Одржување и подобрување на заштитните функции на шумата (особено во однос на почвата и водата) | |
|---|---|
| **Тематска област: заштитни функции на шумите** | |
| Критериум бр. | 5.2. |
| Опис на критериумот | Во шуми кои се изложени на ризик од ерозија на почвата, изборот и примената на мерките за заштита и одгледување на шумите е соодветен со нивната намена (стопанска, заштитна или заштитена) и е во функција на заштита на почвата. Во шуми каде функциите за заштита на водните ресурси е примарна, се посветува особено внимание на примената на шумските практики за да се избегнат штетни ефекти по квалитетот и квантитетот на водата. Ова вклучува и мерки за забрана на испаша или минување на стока во ваков вид на шуми.<br>Притоа, при извршување на активности во шума не смее да се употребуваат хемиски средства или штетни супстанци кои може штетно да влијаат на квалитетот на водата.<br>Во начело, стопанисувањето со шумите мора најмалку да ги одржи, а каде може и да ги подобри идентификуваните екосистемски услуги и функции на шумата релевантни за подрачјето. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Закон за водите;<br>-Закон за земјоделско земјиште; |
| Индикатори | 1. Изборот на одгледувачки и заштитни мерки во шуми со заштитна намена се во функција на исполнување на барањето на критериумот.<br>2. Употребата на адекватна технологија и техника е во функција на исполнување на барањето на критериумот.<br>3. Забрането е изведување на чиста сеча во шуми со заштитна функција, освен поради санација на вонредни појави (пожар, каламитети и друго).<br>4. Забранета е примена на инвазивни техники или употреба на тешка механизација со која се набива, разрива и оштетува почвениот слој во шуми кои се изложени на ризик од ерозија на почвата или се со заштитна функција.<br>5. Екосистемските услуги релевантни за шумското подрачје се препознаени и се одржуваат. |
| Извор на верификција | - Одредбите во ППСШ за избор на мерки за одгледување и заштита.<br>- Одредбите во изведбените планови за избор на видови на техника за сеча и дотур.<br>- Теренска проверка од страна на независно тело.<br>- Мапа на екосистемски услуги од шумата за шумското подрачје (доколку е изработена). |
| Гранична вредност | |

| | |
|---|---|
| **Поглавје 6: Одржување на социоекономските функции и услови** | |
| **Тематска област: социоекономски функции на шумите** | |
| Критериум бр. | 6.1. |
| Опис на критериумот | Управувањето и стопанисувањето со шумите ги одржува социоекономските функции на шумите, нивниот придонес во руралниот развој и можностите за вработување, добросостојбата на заедниците, рекреативните и естетските вредности како и нивното позитивно влијание по човековото здравје. Стопанисувањето задолжително го зема во обзир позитивното влијание врз локалната економија вклучително и можностите за запослување на локалното население и соработката со локалните даватели на услуги. Процедурите за подобар пристап на заедниците кои живеат во шумските средини до производите и другите услуги кои ги дава шумата треба да се анализираат и поедностават. Корисниците и сопствениците на шуми треба да ги анализираат и да преземат активности за да се сочуваат рекреативните, спортските и естетските вредности на шумата. Шумски подрачја со препознаени историски, културни или духовни вредности како и подрачја кои се неопходни за задоволување на основните животни потреби на локалната заедница се стопанисуваат на начин кој има особено внимание и почит кон значењето по тоа подрачје. Ефикасната и континуирана комуникација и консултации со локалното население и другите засегнати страни задолжително се одржува и е основното средство за разрешување на евентуалните жалби и поплаки во врска со управувањето и стопанисувањето со шумите. Во случаи кога консултациите со локалното население и другите засегнати страни нема да вродат со плод, корисникот или сопственикот на шумата задолжително применува пропишан механизам преку кој ќе се разрешуваат евентуалните несогласувања. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Закон за заштита на природата;<br>-Закон за земјоделството и рурален развој; |
| Индикатори | 1. При ангажирање на работна сила, приоритет се дава на жителите кои живеат во руралните општини и шумското подрачје.<br>2. Стопанисувањето со шумата ги поддржува функциите на рекреација, спорт и поддршка на естетските вредности на околината.<br>3. Одржување на редовни консултативни средби помеѓу стопанисувачите со шумите и локалните заедници за прашања од интерес за локалната заедница поврзани со шумарството.<br>4. Препознаени и картирани подрачја со историска, културна, естетска и духовна вредност според референтни листи (таму каде е релевантно). Овие аспекти се дел од планирањето во шумарството.<br>5. Постоење на анализа за процедури и мерки за подобар пристап до производите и услугите од шумата се преземени од страна на корисникот / сопственикот на шумата.<br>6. Постоење на процедура за разрешување на несогласување. |
| Извор на верификација | - Податоци за работно ангажирани жители од руралното подрачје.<br>- Податоци од архивата на корисникот или сопственикот на шумата за склучени договори за вработување, привремено ангажирање, услуга.<br>- Податоците за постоење на планинарски дом, викенд населба, патеки за пешачење и за велосипеди, означени локации за природни извори, водопади итн. се содржат во плановите за стопанисување и нивните еквиваленти и во шумските карти. |

| | |
|---|---|
| | - Архивирани извештаи за тематски одржани средби со претставници на лоакалната заедница.<br>- Интерен документ во кој се образложени мерки за подобар пристап до производи и услуги од шума за населението кое живее во шумската област.<br>- Постоење на архивирана процедура и извештаи за спроведена процедура за разрешување на несогласување. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 6: Одржување на социоекономските функции и услови** | |
|---|---|
| **Тематска област: социоекономски функции на шумите** | |
| Критериум бр. | 6.2. |
| Опис на критериумот | Шумите се природно добро од јавен интерес и граѓаните имаат слободен пристап во шумите заради уживање, одмор и рекреација, на сопствена одговорност за својата безбедност и со обврска за почитување на законските прописи и сопственичките права. Слободниот пристап во шума може да се ограничи или забрани во заштитени делови на шума, делови на шума во кои е загрозена безбедноста на луѓето, во периоди кога постои опасност од појава на шумски пожари или се изведуваат шумски работи на користење, заштита и одгледување на шумата. Во таков случај, за известување на ограничувањето на слободен пристап во шума се користат сите погодни средства за информирање (локални медиуми, општина, веб страна, табли на терен). |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите; |
| Индикатори | 1. Пропишаната процедура за слободен пристап во шумите се спроведува од страна на корисникот / сопственикот на шумата. |
| Извор на верификација | - Евиденција во архива за прогласена забрана за движење по локации и времетраење.<br>- Интервју со локалните засегнати страни за слободен пристап во шумата.<br>-Теренска и друг вид на проверка од страна на независно тело за постоење на средства за информирање кои се во функција на исполнување на барањето на критериумот. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 6: Одржување на социоекономските функции и услови** | |
|---|---|
| **Тематска област: сопственост и традиционални права** | |
| Критериум бр. | 6.3. |
| Опис на критериумот | Сопственичките и правата на користење се јасно дефинирани, документирани и утврдени за релевантната површина на шума. Законските, обичајните и традиционалните права кои се однесуваат на шумата и шумското земјиште се препознаени и се почитуваат во согласност со националната регулатива. Активностите кои се преземаат при стопанисување со шумите ги почитуваат законските права, додека обичајните и традиционалните права се почитуваат до ниво кое е разумно и не е во конфликт со националната регулатива. Активности на стопанисување со шумите смее да се спроведуваат само во шуми на кои е јасно одредено и документирано правото на користење во склад со националната регулатива.<br><br>Напомена: декларацијата за правата на домородното население на ОН не е применлива во Македонија. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите<br>-Закон за катастар на недвижностите |
| Индикатори | 1. Постоење на имотни листови и утврдени граници на катастарските парцели за шумскиот имот.<br>2. Непречено остварување на правото на населението од рурална област за сеча во државна шума за свои потреби. |
| Извор на верификација | - Преглед на катастарски парцели во состав на имотен лист за шумскиот имот.<br>- Архивирани барања и одобренија за сеча на физички лица во државна шума.<br>- Интервју со претставници на руралното население спроведени од независно тело. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 6: Одржување на социоекономските функции и услови** | |
|---|---|
| **Тематска област: обука и развој на знаење** | |
| Критериум бр. | 6.4. |
| Опис на критериумот | Управувањето и стопанисувањето со шумите меѓу другото се заснова и на резултатите од научните истражувања. Корисниците и сопствениците на шуми на барање на релевантни институции и организации, во рамки на своите можности остваруваат придонес во истражувачките активности и во собирањето на податоци кои се потребни за поддршка на истражувачките активности. Таму каде е релевантно, локалното знаење и искуство кое е поврзано со шумите се применува во насока на подобрување на одрживото стопанисување со шумите. Во случаи кога со стекнување на одредено знаење, пракса, нов пристап или иновација, која доаѓа од друга засегната страна, корисникот / сопственикот на шумата се стекнува со корист, истите мора да предложат механизам за споделување на стекнатата корист со засегнатата страна. |
| Врска со легислатива | |
| Индикатори | 1. Вклученост на сопственикот / корисникот на шумата во релевантни стручни и научни истражувања (доколку постојат) во рамки на своите можности.<br>2. Барања за соработка во научно истражување (доколку постојат)<br>3. Постоење на механизам за споделување на корист предложен од страна на сопственикот / корисникот на шумата и прифаќање на истиот од страна на засегнатата страна (во случај на постоење). |
| Извор на верификација | - Содржината на стручни и научни истражувања поврзани со управувањето и стопанисувањето со шумите.<br>- Архивирано барање за соработка во научно истражување.<br>- Документиран механизам за споделување на корист од страна на сопственикот / корисникот на шумата и прифаќање на истиот од засегнатата страна. |
| Гранична вредност | |

| | |
|---|---|
| **Поглавје 6: Одржување на социоекономските функции и услови** | |
| **Тематска област: заштита при работа** | |
| Критериум бр. | 6.5. |
| Опис на критериумот | Работите во шумарството се планираат, организираат и спроведуваат на начин кој ги идентификува можните ризици по здравјето и појавата на несреќни настани и притоа се применуваат сите разумни мерки за заштита на работниците. Сопственикот / корисникот на шумата е должен да ги информира сите работно ангажирани лица за постоењето на ризиците поврзани со нивната работна позиција и да организира и спроведе обука за безбедност при работа. Сопственикот / корисникот на шумата задолжително спроведува мониторинг за безбедни работни услови за сите вработени и работно ангажирани лица. На база на резултатите од спроведениот мониторинг, сопственикот / корисникот на шумата презема мерки за подобрување на работните услови, таму каде е тоа возможно. |
| Врска со легислатива | -Закон за безбедност и здравје при работа.<br>-Конвенции на ILO (International Labor Organization) ратификувани од страна на Република Македонија.<br>-Колективен договор за работниците во шумарството.<br>-Правилник за заштита при работа. |
| Индикатори | 1. Постоење на елаборат за идентификација на можни ризици при работа.<br>2. Записи од спроведени обуки за безбедност при работа во шума, архивирани и достапни на барање.<br>3. За извршување на шумски операции се ангажираат само обучени работници.<br>4. Сите работно ангажирани лица на терен носат задолжителна заштитна опрема, прибор за прва помош и ги почитуваат протоколите за заштита при работа (Правилник за заштита при работа).<br>5. Обезбедни се средства за комуникација при потреба од прва помош.<br>6. Сопственикот/корисникот на шумата редовно проверува дали се употребува исправна техника и опрема за работа.<br>7. Постоење на евиденција за фреквенцијата на повреди при работа по години во архива.<br>8. Постоење на анализа за можно подобрување на работните услови на годишно ниво. |
| Извор на верификација | - Ратификувани конвенции од страна на Република Македонија.<br>- Елаборат за можни ризици.<br>- Потврди или сертификати за завршена обука.<br>- Записи од спроведена обука.<br>- Договори со обучени работници ангажирани на шумски операции.<br>- Записници од теренски увид за почитување на одредбата за носење на заштитна опрема, прибори за прва помош и употреба на исправна техника за работа (внатрешна контрола, трудова инспекција).<br>- Радио станица, мобилни телефони.<br>-Теренска и друг вид на проверка од страна на независно тело.<br>- Статистика за евидентирани повреди при работа.<br>- Документирана анализа за подобрување на работните услови. |
| Гранична вредност | - Не се ангажираат работници во шума кои се на возраст под 18 години. |

| **Поглавје 6: Одржување на социоекономските функции и услови** | |
|---|---|
| **Тематска област: почитување на законската регулатива** | |
| Критериум бр. | 6.6. |
| Опис на критериумот | Сопственикот/корисникот на шумата е должен да ја идентификува релевантната легислатива која се однесува на стопанисувањето со шуми вклучително и образложение како тие обврски се одразуваат на организацијата и да обезбеди пристап до истата за секое работно ангажирано лице како и да ги почитува важечките прописи од областа на шумарството, трговскиот промет, царината, заштитата на природата и животната средина; сопственичките и правата на користење на земјиште; здравје и сигурност при работа; законот за работни односи, колективниот договор (каде е апликативно), анти-корупција, плаќање на надоместоци, авторски хонорари и даноци. Под тоа се подразбира и националната регулатива и меѓународните обврски преземени од земјата. Фундаменталните права на Меѓународната Организација на Трудот и Универзалната Декларација за Човечки Права на ОН се составен дел од ова барање. Сопственикот, корисникот на шумата и давателите на услуги мора да обезбедат фер плата за работно ангажираните лица на ниво кое е минимално во склад со барањата на националната легислатива.<br><br>Забелешка: не постојат домородни групи на луѓе во Северна Македонија. |
| Врска со легислатива | -Сите национални закони кои се релевантни за различните области наведени во описот на критериумот.<br>-ILO No. 87, Freedom of Association and Protection of the Right to Organise Convention, 1948.<br>-ILO No. 29, Forced Labour Convention, 1930.<br>-ILO No. 98, Right to Organise and Collective Bargaining Convention, 1949.<br>-ILO No. 100, Equal Remuneration Convention, 1951.<br>-ILO No. 105, Abolition of Forced Labour Convention, 1957.<br>-ILO No. 111, Discrimination (Employment and Occupation) Convention, 1958.<br>-ILO No. 138, Minimum Age Convention, 1973.<br>-ILO No. 169, Indigenous and Tribal Peoples Convention, 1989.<br>-ILO No. 182, Worst Forms of Child Labour Convention, 1999. |
| Индикатори | 1. Нивото и фреквенцијата на прекршување на важечките прописи од страна на корисникот или сопственикот на шумата, распоредено по вид на пропис и нивни повреди.<br>2. Обезбеден пристап до легислативата во електронска верзија или друг подобен формат.<br>3. Минималниот износ на исплатена дневница или плата за вработените и работно ангажираните лица е во согласност со националната легислатива. |
| Извор на верификација | - Архивирани пријави за бројот на прекршувања на законската регулатива од страна на корисникот или сопственикот на шумата идентификувани од страна на надлежните служби.<br>- Интервју со работно ангажираните лица, вработените и претставниците на институциите. |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 6: Одржување на социоекономските функции и услови** | |
|---|---|
| **Тематска област: почитување на законската регулатива** | |
| Критериум бр. | 6.7. |
| Опис на критериумот | Корисниците на шума задолжително ги применуваат сите законски обврски и разумни мерки за заштита на шумите од илегални активности и со тоа да обезбедат спроведување на системска заштита на шумите. Системската заштита е пропишана со националната легислатива и се спроведува преку работата на институциите и органите кои се одговорни за извршување на таков вид на работи. На годишно ниво, сопственикот на шумата спроведува мониторинг, прави забелешки, истражува и пријавува случаи на нелегални активности во сопствената шума до институциите кои се задолжени за спроведување на систематска заштита на шумите од нелегални активности. |
| Врска со легислатива | -Закон за шумите;<br>-Закон за прекршоците;<br>-Закон за инспекциски надзор;<br>-Кривичен законик; |
| Индикатори | 1. Бесправните активности во шума се регистрирани и процесуирани во согласност со националната легислатива.<br>2. Постоење на извештај за спроведен мониторинг од страна на сопствениците на шума на годишно ниво. |
| Извор на верификација | - Дневниците на шумочуварската служба.<br>- Поднесените пријави од шумската полиција, ДИШ и останатите институции за наведеното подрачје.<br>- Извештај од спроведениот мониторинг на сопственикот на шумата. |
| Гранична вредност | |

| | |
|---|---|
| **Поглавје 7: Организациски аспекти** | |
| **Тематска област: внатрешни процедури** | |
| Критериум бр. | 7.1. |
| Опис на критериумот | Организацијата е должна да демонстрира подготвеност да ги спроведе барањата за ОСШ преку воспоставување на процедури за управување, потребни капацитети на човечки ресурси, начинот на спроведување на активностите на терен, редовен надзор и подобрување каде е тоа можно. Раководството на организацијата во потполност ги разбира барањата на целосниот систем за сертификација на шумите и ја демонстрира посветеноста кон исполнување на барањата на стандардот за ОСШ. Во таа смисла, организацијата задолжително подготвува изјава која е дел од внатрешната политика, каде:<br>- организацијата изразува посветеност во исполнување на барањата на системот за сертификација на шумите;<br>- организацијата изразува посветеност да врши редовен надзор во спроведување на барањата на стандардот за ОСШ и негово подобрување каде е тоа возможно;<br>- организацијата е посветена на еднакви можности, спречување на дискриминација и вознемирување на работно место;<br>- поддршка на родовата еднаквост каде е можно;<br>Изјавата задолжително е јавно достапна, а вработените се запознаени со истата и ја разбираат својата улога во исполнувањата на заложбите. |
| Врска со легислатива | - Закон за спречување на корупција;<br>- Закон за заштита од вознемирување на работно место; |
| Индикатори | 1. Воспоставениот организациски систем за ОСШ е ефикасен, добро разработен и разбран помеѓу вработените, редовно надгледуван и се подобрува кога е тоа можно.<br>2. Подготвена организациска изјава која е јавно достапна.<br>3. Постоење на промоција на организациските заложби на годишно ниво кај вработените (освен за индивидуални сопственици на шума). |
| Извор на верификација | - Резултати од наодите на внатрешната контрола.<br>- Верификацијата од незавиен орган.<br>- Организациска изјава.<br>- Записи од промотивните настани на организацијата.<br>- Интерву со вработените. |
| Гранична вредност | |

| Поглавје 7: Организациски аспекти | |
|---|---|
| **Тематска област: внатрешни процедури** | |
| Критер. бр. | 7.2. |
| Опис на критериумот | Стручниот и технички кадар вработен во организацијата, давателите на услугите и сопствениците на шумите мора да ги поседуваат сите релевантни информации кои се однесуваат на спроведувањето на ОСШ. Врз основа на тој предуслов, корисниците/сопствениците на шуми ќе подготват и спроведат обука за вработените и давателите на услуги во шумските операции заради исполнување на барањата на стандардот. Раководството на организацијата мора да дефинира и да обезбеди потребна организациска структура кај редовно вработените и кај давателите на услуги и да има јасно дефинирани одговорности за спроведување на ОСШ. Ажурирање на улогите на сите лица во системот се прави задолжително на годишно ниво преку пишани инструкции и спроведување на обука. Ова ги вклучува сите неопходни ресурси и документирани информации за да се постави, спроведе, одржи и подобри ефикасноста на системот.<br>Организацијата мора да дефинира главно одговорно лице кое ќе ги припрема и чува релевантните и ажурирани информации поврзани со активностите кои ги спроведува организацијата. Корисниците на шума кои управуваат со шумско подрачје поголемо од 3.000 ха мора да спроведат анализа за заканите и можностите за исполнување на барањата на стандардот за ОСШ и мерки за намалување на ризикот. Сопствениците на шума и корисници на шума кои управуваат со шумско подрачје помало од 3.000 ха треба најмалку да подготват листа на постојни закани за ОСШ. |
| Врска со легислатива | |
| Индикатори | 1. Организацијата има подготвено внатрешна пишана процедура за одговорностите на сите работно ангажирани лица (вработени и даватели на услуги) за да придонесат во исполнувањето на барањето на стандардот.<br>2. Инструкциите се споделени и достапни за сите вработени и работно ангажирани лица на било кој подобен начин.<br>3. Внатрешната обука за барањата на стандардот за ОСШ е спроведена во период од 30 дена по доставување на пишаните инструкции. За ново вработените и ангажирани лица , организацијата спроведува обука во период од 60 дена по нивното ангажирање. За лица кои се ангажирани на теренски работи, обуката се спроведува пред нивното ангажирање.<br>4. Организацијата има подготвено внатрешна регулатива во врска со потребната документација за одржување на системот и управување со информациите, вклучително и главно одговорно лице.<br>5-а. Поглавје за дефинирање на ризици во врска со спроведувањето на ОСШ и мерки за намалување на истите е подготвено од страна на организацијата. (забелешка: само за шумско подрачје со површина над 3.000 ха)<br>5-б. Листа на постојни закани за ОСШ. (забелешка: само за шумско подрачје со површина до 3.000 ха) |
| Извор на верификација | - Внатрешна регулатива на организацијата.<br>- Записи за предадени инструкции за вработените.<br>- Систематизација на работни места во организацијата (каде постои)<br>- Записи за спроведена обука на вработените и давателите на услуга, вклучително и ново вработените:<br>- Интервју со вработените и давателите на услуги на терен. |
| Гранична вредност | |

| Поглавје 7: Организациски аспекти | |
|---|---|
| **Тематска област: внатрешни процедури** | |
| Критериум бр. | 7.3. |
| Опис на критериум | Организацијата задолжително планира, организира и спроведува годишна програма за внатрешна контрола со цел да се провери дали управувањето е:<br>а) во склад со барањата на стандардот и со внатрешната регулатива;<br>б) ефикасно спроведено и одржано;<br>Програмата за внатрешна контрола е содржана од:<br>а) план за спроведување, честота, методи, одговорни лица и известување;<br>б) дефинирани критериуми за проверка и опфатот за секоја контрола;<br>в) избор на соодветни лица кои преку проверка на нивните квалификации;<br>г) дефинирање на процедури за спроведување, вклучувајќи дел за обезбедување објективност и непристрасност на процесот;<br>д) известување *за резултатите* од спроведената внатрешна контрола до менаџментот;<br>ѓ) дефинирање на процедура за чување на записи;<br><br>(Забелешка: одредбите од овој критериум не се задолжителни за индивидуален сопственик на приватна шума кој самиот ги спроведува активностите на својот шумски имот, при што има непосреден увид во природата на барањето на критериумот. ) |
| Врска со легислатива | |
| Индикатори | 1. Постоење на организациски процедури за спроведување на внатрешна контрола според барањето на критериумот;<br>2. Постоење на годишни извештаи за спроведена годишна внатрешна контрола и резултатите од истата; |
| Извор на верификација | - Архивиран документ со кој се пропишуваат процедурите за внатрешна контрола;<br>- Архивирани извештаи за спроведена внатрешна контрола;<br>- Интервју со вработените; |
| Гранична вредност | |

| **Поглавје 7: Организациски аспекти** | |
|---|---|
| **Тематска област: внатрешни процедури** | |
| Критериум бр. | 7.4. |
| Опис на критериумот | Како дел од внатрешната регулатива, организацијата ќе спреми и спроведе внатрешна процедура за справување со жалби и неусогласеност со стандардот за ОСШ. Како дел од истата регулатива, задолжително е да ги има следните делови:<br>а) начин на реакција на организацијата доколку се појави неусогласеност;<br>б) опис на корективните акции и начинот на справување со последиците;<br>в) инструкции за да се истражат причините за појава на неусогласеност и предлог за преземање на евентуални мерки за да се отстранат причините за појава и потенцијално повторно појавување на неусогласеност;<br>г) одредување дали слични неусогласености постојат или потенцијално може да се случат;<br>д) инструкции за спроведување на корективни мерки кои се во склад со нивото на идентификуваната неусогласеност и ревизија на ефикасноста на преземените мерки;<br>ѓ) инструкции за промена на системот на управување, доколку се покаже како неопходно.<br>Сите информации кои се однесуваат на појава на неусогласеност, преземените корективни мерки и резултатите од преземените мерки ќе се документираат и архивираат. |
| Врска со легислатива | |
| Индикатори | 1. Постоење на пишани и архивирани процедури за справување со појава на неусогласеност со барањата на стандардот.<br>2. Записите за наоди од појава на неусогласеност и спроведување на корективни мерки се уредно архивирани и достапни за увид. |
| Извор на верификација | 1. Документација за утврдена неусогласеност со стандардот.<br>2. Документација за наодите и преземените мерки.<br>3. Интервју со вработените. |
| Гранична вредност | |

| Поглавје 7: Организациски аспекти | |
|---|---|
| **Тематска област: внатрешни процедури** | |
| Критериум бр. | 7.5. |
| Опис на критериумот | За да се обезбеди успешна усогласеност со барањата на стандардот за ОСШ, организацијата спроведува годишна ревизија на управувањето за да детектира евентуални слабости во системот на управување и со тоа да обезбеди основа за подобрување на управувањето. Ревизијата на управувањето задолжително вклучува:<br>а) статусот на преземни активности од претходната ревизија;<br>б) промените во надворешните и внатрешните фактори кои се релевантни за системот на управување;<br>в) информации за квалитетот на управувањето кои вклучуваат:<br>• појавени неусогласености и преземени корективни мерки;<br>• резултати од извршен надзор и евалуација;<br>• резултати од спроведени контроли (внатрешни и надворешни);<br>• можности за континуирано подобрување;<br>Резултатите од ревизијата на управувањето мора да се земат во обзир од страна на менаџментот на организацијата. Секогаш кога се идентификувани слаби точки или можности за подбрување, тогаш мора да има и пишани одлуки од страна на менаџментот. Во случај да не се идентификуваат слаби точки, менаџментот во секој случај ќе подготви одлуки за постојано подобрување во писмена форма. Сите ревизии на управувањето мора да се архивирани и достапни на барање.<br><br>(Забелешка: одредбите од овој критериум не се задолжителни за индивидуален сопственик на приватна шума кој самиот ги спроведува активностите на својот шумски имот, при што има непосреден увид во природата на барањето на критериумот. ) |
| Врска со легислатива | |
| Индикатори | 1. Организацијата редовно спроведува ревизија на управувањето, вклучително сите точки кои се предвидени со барањето на критериумот.<br>2. Годишните ревизии и донесените одлуки од страна на менаџментот се архивирани и достапни на барање во организацијата. |
| Извор на верификација | - Извештаи од ревизија на управувањето и донесени одлуки.<br>- Интервју со вработените. |
| Гранична вредност | |